# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) СМЕТКОВОДСТВО ПО ПРЕДМЕТОТ МЕЃУНАРОДНО СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје објавен во весниците *Слободен печат* и *Коха* од 6.2.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) сметководство, по предметот Меѓународно сметководство, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-427/2 донесена на 28.2.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Зоран Миновски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Зорица Божиновска Лазаревска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Атанаско Атанасовски, редовен професор на Економски факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област: сметководство, по предметот Меѓународно сметководство, во предвидениот рок се пријави ас. д-р Иван Дионисијев.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот ас. д-р Иван Дионисијев е роден на 27.8.1991 во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во СУГС Гимназија „Орце Николов“. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, студиска програма: Сметководство и ревизија. Дипломирал на 25.6.2013 година, со просечен успех 9,38.

Кандидатот активно се служи со англиски јазик.

Во учебната 2013/2014 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Економскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил на 21.4.2017 година, со просечен успех 9,43. На 21.4.2017 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Јавна внатрешна финансиска контрола во Република Македонија.*

Докторска дисертација пријавил на 6.6.2024 година на Економскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Врховната ревизорска институција во Република Северна Македонија – еволуција, предизвици и перспективи* ја одбранил на 21.10.2024 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Блажо Недев, проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска, проф. д-р Марина Трпеска, проф. д-р Атанаско Атанасовски и проф. д-р Зоран Миновски. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор по економски науки.

На 18.12.2019 година е избран во звањето асистент во научната област: сметководство, а на 2.9.2022 година е реизбран во истото звање, односно асистент во научната област: сметководство.

Во моментот е вработен како асистент на Економскиот факултет во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1265 од 15.7.2022 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1203 од 15.11.2019 година и бр. 1265 од 15.7.2022 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Економски факултет –Скопје, кандидатот д-р Иван Дионисијев изведува вежби на прв циклус студии на студиската програма

Сметководство и ревизија по предметите: Основи на сметководство, Ревизија и Интерна ревизија. Исто така, д-р Иван Дионисијев бил вклучен во дел од активностите за изведување настава по истите предмети. Успешно ги реализира предавањата и вежбите преку примена на современи наставни практики и преку отворена интеракција со студентите.

Во функција на наставно-образовната дејност, кандидатот одржувал констултации со студенти од прв циклус студии во склоп на предметите во чиј работен состав е член. Кандидатот, исто така, учествува во изготвувањето на испитни прашања, дежурства, спроведување на испити и колоквиуми на Економскиот факултет во Скопје.

Кандидатот е коавтор на рецензиран учебник под наслов: „Интерна ревизија – прво издание“, наменет за студенти од четврта учебна година на прв циклус на департманот Сметководство и ревизија.

Конкретните активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, наведени се во табелата во Образец 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци, дадена во прилог на овој извештај.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Иван Дионисијев има објавено вкупно 27 научни трудови, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 5 труда во меѓународни научни списанија индексирани во Ebsco, 3 труда во научни списанија во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои имаат меѓународен уредувачки одбор, 9 труда со оригинални научни резултати објавени во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири, 3 труда со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научни собири и 5 труда објавени во зборници на трудови на високообразовна институција. Кандидатот учествувал на 19 меѓународни научни собири со усна презентација. Дополнително, има одржано едно пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество, како и седум секциски предавања на стручни собири со меѓународно учество.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот (називите на трудовите, проектите, учеството на собирите и сл.). наведени се во табелата во Образец 2, дадена во прилог на овој извештај.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Иван Дионисијев активно е вклучен во стручно-апликативната работа и активности.

За анализираниот период, кандидатот активно бил вклучен во промоција на Економскиот факултет во Скопје преку посети и презентации во средни училишта и останати промотивни настани. Исто така, бил член на организациски одбор за организација на 12. Меѓународна летна школа на Економски факултет – Скопје, како и член на оганизациски одбор за организација на меѓународната летна школа под наслов „Enhancing and managing competitive economics and business environment: Challenges for the South and Easter European countries and the Black Sea region“.

Кандидатот д-р Иван Дионисијев остварил експертски активности за Овластениот институт за јавни финансии и сметководство од Англија како експерт за управување со средствата на јавниот сектор, како и учествувал во постапката за акредитација на програмата за испитот за стекнување на звање ревизор при Институтот за овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) од страна на Асоцијацијата на овластени сметководители од Англија (Association of Chartered Certified Accountants - ACCA).

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во Загреб на Универзитетот во Загреб, како и едномесечен престој на Chonnam National University во Јужна Кореја.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Економскиот факултет во Скопје:

- секретар на Катедрата за сметководство и ревизија – два мандата (2020 – 2024);
- спроведување на дел од активностите утврдени со Конкурсот за упис на студенти на прв циклус студии;
- изработка на публикација под наслов: Споменица и Монографија на магистрирани и докторирани студенти на Економскиот факултет;

- Комисија за определување на дисциплински мерки на студентите на Економскиот факултет во Скопје;
- Комисија за промоција на Економскиот факултет во Скопје;
- Комисија која ќе изврши процена на вредноста на движните ствари со кои располага или ќе располага во иднина Економскиот факултет, а за кои нема податок за нивната вредност;
- претседател на пописна комисија на Еконмскиот факултет во Скопје;
- дел од работен тим кој за потребите на Економски факултет – Скопје ќе врши објава и промоција на настани чијшто организатор е Економскиот факултет во Скопје;
- Комисија која ќе утврди предлог-листа на нефункционални основни средства на Економскиот факултет во Скопје.

Д-р Иван Дионисијев има извршено превод на книга „Ревизија“ од Овластениот институт за јавни финансии и сметководство од Англија, како и на материјал за програмата за превенција од корупција од истиот институт. Исто така, учествувал во лекторирање на книгите „Управувачко сметководство“ и „Финансиски менаџмент“ од Овластениот институт за јавни финансии и сметководство од Англија.

Кандидатот учествувал во изготвување и пријавување на 6 научно-образовни меѓународни проекти и 5 научно-образовни национални проекти.

Други активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот се наведени во табелата од Образец 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Иван Дионисијев во континуитет добива позитивна оценка од анонимно спроведените анкети на студентите на Економски факултет – Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Иван Дионисијев.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Иван Дионисијев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **доцент** во научната област: сметководство, по предметот Меѓународно сметководство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, д-р Иван Дионисијев да биде избран во звањето **доцент** во научната област: сметководство, по предметот Меѓународно сметководство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Миновски, с.р.**
**Проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска, с.р.**
**Проф. д-р Атанаско Атанасовски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Иван Зоран Дионисијев**
**Институција: Економски факултет – Скопје**
**Научна област: сметководство**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,38.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,43.<br>Просечниот успех изнесува 9,405 за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: сметководство; поле: економски науки; подрачје: општествени науки. | Да |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да (за повеќе од 4 научни труда – види образец 2) |
| 3.1/1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Public Budgeting, Accounting & Financial Management<br>2. Назив на електронската база на списанија: SCOPUS<br>3. Наслов на трудот: Enhancing Sustainable Progress: An Analysis of Supreme Audit Institutions' Performance Audits and Information Disclosure Practices<br>4. Година на објава: 2024 | |
| 3.1/2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Public Budgeting, Accounting & Financial Management<br>2. Назив на електронската база на списанија: SCOPUS<br>3. Наслов на трудот: The supreme audit institution in the Republic of North Macedonia – two decades of building public trust<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.1/3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Audit Financiar<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>3. Наслов на трудот: The Transparency of the Supreme Audit Institution in the Republic of North Macedonia through the Analysis of Official Website Traffic<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.1/4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Accounting, Finance and Auditing Studies<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>3. Наслов на трудот: How to Improve Performance in Public Sector Auditing Through the Power of Big Data and Data Analytics? – The Case of The Republic of North Macedonia<br>4. Година на објава: 2022 | |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц1 според Заедничката европска референтна рамка за јазиците на Советот на Европа (CEEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 6.9.2024 година | |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат засновaн работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Иван Зоран Дионисијев**
**Институција: Економски факултет – Скопје**
**Научна област: сметководство**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на вежби**<br>[неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување 0,03]<br><br>**Предмет: Основи на сметководство**<br>– академска 2020/2021 година: (6*15*0.03) = 2,7<br>– академска 2021/2022 година: (6*15*0.03) = 2,7<br>– академска 2022/2023 година: (6*15*0.03) = 2,7<br>– академска 2023/2024 година: (6*15*0.03) = 2,7<br>– академска 2024/2025 година: (8*15*0.03) = 3,6<br><br>**Предмет: Ревизија**<br>– академска 2019/2020 година: (2*15*0.3) = 0,9<br>– академска 2020/2021 година: (2*15*0.3) = 0,9<br>– академска 2021/2022 година: (2*15*0.3) = 0,9<br>– академска 2022/2023 година: (2*15*0.3) = 0,9<br>– академска 2023/2024 година: (2*15*0.3) = 0,9<br><br>**Предмет: Интерна ревизија**<br>– академска 2019/2020 година: (2*15*0.3) = 0,9<br>– академска 2020/2021 година: (2*15*0.3) = 0,9<br>– академска 2021/2022 година: (2*15*0.3) = 0,9<br>– академска 2022/2023 година: (2*15*0.3) = 0,9<br>– академска 2023/2024 година: (2*15*0.3) = 0,9 | 23,4 |
| 2. | **Консултации со студенти**<br>[број на студенти * бодување 0,002]<br><br>**Основи на сметководство**<br>– академска 2020/2021 година: (250*0,002 = 0,5)<br>– академска 2021/2022 година: (286*0,002 = 0,572)<br>– академска 2022/2023 година: (280*0,002 = 0,56)<br>– академска 2023/2024 година: (290*0,002 = 0,58)<br>– академска 2024/2025 година: (320*0,002 = 0,64)<br><br>**Ревизија**<br>– академска 2019/2020 година: (193*0,002 = 0,386)<br>– академска 2020/2021 година: (180*0,002 = 0,36)<br>– академска 2021/2022 година: (153*0,002 = 0,306)<br>– академска 2022/2023 година: (148*0,002 = 0,296)<br>– академска 2023/2024 година: (124*0,002 = 0,248)<br>**Интерна ревизија** | 5.582 |

| | | |
|---|---|---|
| | – академска 2019/2020 година: (142*0,002 = 0,284)<br>– академска 2020/2021 година: (126*0,002 = 0,252)<br>– академска 2021/2022 година: (111*0,002 = 0,222)<br>– академска 2022/2023 година: (88*0,002 = 0,176)<br>– академска 2023/2024 година: (100*0,002 = 0,2) | |
| 3. | **Интерна скрипта од вежби (3)**<br>– „Ревизија - интерна скрипта од вежби“ 2022/2023<br>– „Интерна ревизија – интерна скрипта од вежби“ 2022/23 | 6 |
| 5. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник – коавтор (6)**<br>– „Интерна ревизија – прво издание“, коавтор, Економски факултет – Скопје, 2024 | 6 |
| | **Вкупно** | **40.982** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Монографија**<br>1. Trpeska, Marina; Bozhinovska Lazarevska, Zorica; Atanasovski, Atanasko; Malchev, Bojan; Tocev, Todor; Brzovska, Ezeni; Ristevska-Jovanovska, Snezana; Palamidovska-Sterjadovska, Nikolina; Bogoevska-Gavrilova, Irena (2025). „Adapting to the New Normal: Perspectives on Auditing and the Experience Economy” објавена од страна на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје **(8 * 0.6 = 4,8)** | **4,8** |
| 2 | **Монографија објавена во странство * (12)**<br>1. Dionisijev, Ivan (2020). “Public Internal Financial Control in the Republic of North Macedonia”, publisher: LAP Lambert Academic Publishing, ISBN: 978-620-2-78644-7 | **12** |
| 3 | **Учесник во национални научни проекти * (3):**<br>1. Проект *Поврзување на перспективите: увид во предизвиците на стеикхолдерите во известувањето за одржливост,* 2025, финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје; **(3)**<br>2. Проект *Новата нормалност во постковид периодот во две области: ревизорската професија и економијата на искуства,* 2021 – 2022, финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје; **(3)**<br>3. Проект *2-ра Олимпијада по сметководство – повеќе од знаење*, септември 2022; **(3)**<br>4. Проект *3-та Олимпијада по сметководство – повеќе од знаење*, септември 2023; **(3)**<br>5. Проект *4-та Олимпијада по сметководство – повеќе од знаење*, октомври 2024; **(3)** | **15** |
| 4 | **Учесник во меѓународни научни проекти * (5)** | **25** |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Forensic accounting and fraud in contemporary digital environment – FORCE, ERASMUS + проект **(5)**<br>2. Skill Match in an Intelligent Learning Environment - SMILE, ERASMUS+ проект<br>3. IAAER ACCA Early Career Reseracher Development Programme 2023 – 2025 **(5)**<br>4. Global Entrepreneurial Talent Management 4 – GETM4, Horizon проект **(5)**<br>5. Bridging the Gap: Non-traditional Majors and the Future of Internal Auditing Sustainability, проект финансиран од Институтот на внатрешни ревизори, САД **(5)** | |
| 5 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**<br>1. Dionisijev, Ivan; Bozhinovska Lazarevska, Zorica; Trpeska, Marina and Atanasovski, Atanasko (2023), "The supreme audit institution in the Republic of North Macedonia – two decades of building public trust", *Journal of Public Budgeting, Accounting & Financial Management,* Vol. 35 No. 4, pp. 515-535. https://doi.org/10.1108/JPBAFM-08-2021-0129 – Импакт фактор за 2022: 3.1 ((8+3,1)*0.6) = **6,66**<br>2. Dionisijev, Ivan; Bozhinovska Lazarevska, Zorica (2024), "Enhancing Sustainable Progress: An Analysis of Supreme Audit Institutions' Performance Audits and Information Disclosure Practices", *Journal of Public Budgeting, Accounting & Financial Management*, Vol. ahead-of-print No. ahead-of-print. https://doi.org/10.1108/JPBAFM-06-2023-0092 Импакт фактор за 2023: 3.0 ((8+3)*0.9) = **9,9** | **16,5** |
| 6 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**<br>1. Dionisijev, Ivan; Tocev, Todor. (2023). “The Transparency of the Supreme Audit Institution in the Republic of North Macedonia through the Analysis of | **22** |

| | | |
|---|---|---|
| | Official Website Traffic” *Audit Financiar* 21(170):331-339<br>DOI: 10.20869/AUDITF/2023/170/012 (индексиран во Ebsco) **(5*0.9 = 4.5)**<br>2. Bozhinovska Lazarevska, Zorica; Tocev, Todor; Dionisijev, Ivan; (2022), “How to Improve Performance in Public Sector Auditing Through the Power of Big Data and Data Analytics? – The Case of The Republic Of North Macedonia”, *Journal of Accounting, Finance and Auditing Studies,* DOI: 10.32602/jafas.2022.023, (индексиран во Ebsco) **(5*0.8 = 4**)<br>3. Dionisijev, Ivan; Bozhinovska Lazarevska, Zorica; (2022), “The Impact of Covid-19 on the State Audit in the Republic of North Macedonia -Lessons from the Crisis”, *Audit Financiar,* 2/2022(166):320-332; DOI: 10.20869/AUDITF/2022/166/011, (индексиран во Ebsco) (**5*0.9 = 4.5**)<br>4. Dionisijev, Ivan; Bozhinovska Lazarevska, Zorica; (2021), "The Audit Opinion in the role of Stock Prices Fluctuations on the Macedonian Stock Exchange", *Financial Studies*, ISSN: 2066-6071, Issue 3/(93)/2021, p. 29-43. (индексиран во Ebsco) **(5*0.9 = 4.5)**<br>5. Dionisijev, Ivan; Tocev, Todor; (2021), "Audit Committees in banks and their responsibility to internal audit function - The case of the Republic of North Macedonia", *Journal of Public Administration, Finance and Law*, ISSN = 2285 - 2204, Issue 19/2021, p. 121-132, 2021. (индексиран во Ebsco) **(5*0.9 = 4.5)** | |
| 7 | **Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**<br>1. Tocev, T., Dionisijev, I., & Malchev, B. (2024). Holistic Performance Assessment: Research on the Relationship between Sustainability Reporting and Financial Performance of MBI10 Companies in R. N. Macedonia. *Journal of Contemporary Economics, 8*(1), 46–64. https://doi.org/10.7251/JOCE2408045T **(5*0.8 = 4**)<br>2. Trpeska, Marina; Tocev, Todor; Dionisijev, Ivan; Malchev, Bojan; (2021); “Banks’ Corporate Social Responsibility Disclosure and their role in the Betterment of Society in the Republic of North Macedonia”, *Facta Universitatis Series Economics and Organization*, 18(4):325-339, DOI: 10.22190/FUEO210628023T **(5*0.6 = 3**)<br>3. Tocev, Todor; Dionisijev, Ivan; Minovski, Zoran (2022). “The Practice and Drivers of CSR Disclosure Among the Blue-Chip Companies in North Macedonia”, *Economy,* | **11** |

| | | |
|---|---|---|
| | *Business and Development: An International Journal* 3 (2) **(5*0.8 = 4)** | |
| 8 | **Трудови со оригинални наични/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**<br>1. Dionisijev, Ivan; Perica, Ivana. (2023) “*Legal and Accounting Considerations for Non-Profit Organizations: A Comparative Study of Macedonian and Croatian Regulations*”, Proceedings of the 3rd International Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future, Skopje, 2023, doi: 10.47063/EBTSF.2023.0001. **(5*0.9 = 4.5**)<br>2. Atanasovski, Atanasko; Tocev, Todor; Dionisijev, Ivan; Minovski, Zoran; Jovevski, Dimitar. (2023). “*Evaluating the Performance of ChatGPT in Accounting and Auditing Exams: An Experimental Study in North Macedonia*” Proceedings of the 3rd International Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future, Skopje, 2023, doi: 10.47063/EBTSF.2023.0003. **(5*0.6 = 3)**<br>3. Bozhinovska-Lazarevska, Zorica; Dionisijev, Ivan; Tocev, Todor; Malchev, Bojan. (2022). “*Audit Market Concentration: Some Evidence from the Republic of North Macedonia*”, Proceedings of the Conference: Contemporary Financial Management, Belgrade, Serbia DOI: 10.4335/2023.3.6 **(5*0.6 = 3)**<br>4. Atanasovski, Atanasko; Trpeska, Marina; Tocev, Todor; Malchev, Bojan; Dionisijev, Ivan. (2022). “Non-financial Reporting Analysis: Does EU Membership Affect the Disclosure of Non-financial Information in Blue- Chip Companies?” *Proceedings of the Conference: Contemporary Financial Management*, Belgrade, Serbia, DOI: 10.4335/2023.3.7 **(5 * 0.6 = 3)**<br>5. Dionisijev, Ivan; Roje, Gorana. (2022). “*The role of Supreme Audit Institutions in better managing Public Sector Assets – Some Evidence from North Macedonia*” Proceedings of the 3rd International Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future, 2022, doi: http://doi.org/10.47063/EBTSF.2022.0006 **(5*0.9 = 4.5)**<br>6. Malchev, Bojan; Bozhinovska-Lazarevska, Zorica; Dionisijev, Ivan; Tocev, Todor. (2022). “*Transparency Reports and Audit Market Analysis in the Republic of North Macedonia*”, Proceedings of the 3rd International Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future, 2022, doi: http://doi.org/10.47063/EBTSF.2022.0005 **(5*0.6 = 3**)<br>7. Bozhinovska-Lazarevska, Zorica., Dionisijev, Ivan; Tocev, Todor; Trpeska, Marina; Atanaskovski, Atanasko. (2022). “*COVID-19 Black Swan’s impact on the internal audit profession: the case of the Republic* | **30** |

| | | |
|---|---|---|
| | *of North Macedonia”* Proceedings of FEB Zagreb 13th International Odyssey Conference on Economics and Business, 1-4 June 2022, pp. 15-38 **(5*0.6 = 3)**<br>8. Lazarevska, B. Zorica; Trpeska, Marina; Atanasovski Atanasko; Dionisijev, Ivan. (2020). *"Audit profession in the shadow of the Covid-19 - A perception of auditors in the Republic of North Macedonia",* Proceedings of the 1st International Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future, Skopje; DOI: http://doi.org/10.47063/EBTSF.2020.0006, p: 73-90 **(5*0.6 = 3)**<br>9. Dionisijev, Ivan; Malchev, Bojan; Tocev, Todor; Kamenjarska, Tanja. (2021). *"A pragmatic approach of the state audit engagements through an analysis of the audited municipalities' revenues and expenditures in the Republic of North Macedonia",* Proceedings of the 16th International Conference of ASECU, Novosibirsk, Russia, ISBN 978-5-7014-0987-1, p.-120-126**. (5*0.6 = 3)** | |
| 9 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**<br>1. Bozhinovska Lazarevska, Zorica; Dionisijev, Ivan & Malchev, Bojan (2024). *“State Auditors’ Perceptions and Practices: An Insight into Fraud Detection in the Republic of North Macedonia”*. Zbornik: Perspektive Razvoja Forenzičko-Računovodstvenih Kapaciteta: Izazovi za Javni i Korporativni Sektor, Belgrade, Serbia. **(2*0.8=1.6)**<br>2. Bozhinovska Lazarevska, Zorica; Tocev, Todor; Dionisijev, Ivan; Malchev, Bojan (2023). *“Exploring the Role of Internal Auditors in ESG Assurance and Impact Assessment: The Case of the Republic of North Macedonia.”* Zbornik “Racunovodstvena znanja kao cinilac ekonomskog i drustvenog napretka”, pp. 187-208. Kragujevac: Faculty of Economics, University of Kragujevac. **(2*0.6 = 1.2)**<br>3. Bozhinovska-Lazarevska, Zorica; Dionisijev, Ivan; Tocev, Todor. (2022). “How to improve performance in public sector auditing through the power of big data and data analytics? – The case of the Republic of North Macedonia”, *Zbornik “Racunovodstvena znanja kao cinilac ekonomskog I drustvenog napretka”* pp. 165-182, Ekonomski fakultet Univerzitata u Kragujevcu **(2*0.8 = 1.6)** | **4.4** |
| 10 | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. установа**<br>1. Dionisijev, Ivan; Minovski, Zoran; Malchev, Bojan; Tocev, Todor; (2020); "The Supreme Audit Institution in the role of improving the operation of the Ministry of Defense", *International Yearbook - Faculty of Security*, ISSN: 1857-6508, DOI: 10.20544/IYES.39.1.19, p: 19-26. **(2*0.6 = 1.2)**<br>2. Dionisijev, Ivan. (2020); "The role of the state audit in the public procurement process - Case of the Republic | **8.6** |

| | | |
|---|---|---|
| | of North Macedonia", *Annual of Faculty of Economics - Skopje*, ISSN: 0489-0922, Vol. 55, p: 59-68 **(2)**<br>3. Dionisijev, Ivan. (2021); “Capital Expenditures in the Republic of North Macedonia through the prism of State Audit Engagements, with reference to investments in Road and Railway Infrastructure”, *Annual of Faculty of Economics – Skopje* **(2)**<br>4. Дионисијев, Иван и Тоцев, Тодор. (2022). „Што ја поттикнува транспарентноста на Државниот завод за ревизија? Анализа на посетеноста на официјалната веб-страница *Годишник на Економски факултет – Скопје* **(2*0.9 = 1.8)**<br>5. Божиновска-Лазаревска, Зорица; Тоцев, Тодор; Дионисијев, Иван (2023). „Истражување на улогата на внатрешните ревизори во обезбедување ESG уверување и проценка на влијанието: Случајот на Република Северна Македонија, *Годишник на Економски факултет – Скопје* **(2*0.8 = 1.6)** | |
| 11 | **Рецензија на научен труд (0,2)**<br>1. Рецензент на научен труд со наслов *„Enhancing Financial Accountability in South African Local Municipalities: A Consequence Management Viewpoint“* за списание Financial Studies – Journal of the “Victor Slăvescu” Centre for Financial and Monetary Research, Romania<br>ISSN: 2066-6071 \| ISSN-L: 2066-6071 | **0.2** |
| 12 | **Учество на научен собир со реферат**<br>**- усна презентација * (1)**<br>1. 5th International Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future," Skopje, 14-15 November 2024<br>2. ACCA IAAER ECRDP Workshop, Bucharest, Romania, 18-19 May 2024<br>3. 11th International Conference "Financial Reporting and Auditing: Challenges of the Transformative Era," Krakow, Poland, 11-12 December 2023<br>4. 4th International Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future," Skopje, 9-10 November 2023<br>5. International Conference “Racunovodstvena znanja kao cinilac ekonomskog i drustvenog napretka,” 17 June 2023, Kragujevac, Serbia<br>6. 18th edition of the International Conference Accounting and Management Information Systems (AMIS 2023), Bucharest University of Economic Studies, 7-8 June 2023<br>7. 45th EAA Annual Congress, Helsinki, Finland, 24-26 May 2023<br>8. EGPA PSG XII Public Sector Financial Management 2023 Spring Workshop, Zagreb, Croatia, 27-28 April 2023<br>9. Contemporary Financial Management Conference 2022, 5-11 December 2022, Belgrade, Serbia | **19** |

| | | |
|---|---|---|
| | 10. 3rd International Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future," Skopje, 11-12 November 2022<br>11. International Conference “Racunovodstvena znanja kao cinilac ekonomskog i drustvenog napretka,” 17 June 2022, Kragujevac, Serbia<br>12. International Conference “FEB Zagreb 13th International Odyssey Conference on Economics and Business,” hosted by the Faculty of Economics & Business, University of Zagreb, Croatia, 1-4 June 2022<br>13. 44th EAA Annual Congress, Bergen, Norway, 11-13 May 2022<br>14. 11th International EIASM Public Sector Conference, 27-28 September 2021<br>15. CIGAR 18th Biennial Conference, Amsterdam, Netherlands, 24-25 June 2021<br>16. International Scientific Conference “Sustainable Finance, Insurance and Reporting: Principles, Practices and Challenges,” hosted online by the University of Nis, Serbia, 24 May 2021<br>17. 2nd International Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future," Skopje, 11-12 November 2021<br>18. 1st International Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future," Skopje, 12-13 November 2020<br>19. 16th International Conference of the Association of Economic Universities of South and Eastern Europe and the Black Sea Region (ASECU), Novosibirsk, Russia, 19 November 2020 - virtual | |
| 13 | **Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество * (3)**<br>1. Прва меѓународна конференција во организација на CEF и CIPFA, 29 – 30 јуни 2021 година, Скопје, на тема: Supporting Accounting and Auditing Developments and Synergies. Предавање на тема „ The perspectives of Public Sector Asset Management in North Macedonia and the role of (performance) auditing“. | **3** |
| 14 | **Секциски предавања на стручен собир со меѓународно учество * (2)**<br>1. Advancing Public Sector Asset Management: Sharing Good Practices and Fostering Cooperation, Ljubljana, September 23 – 24, 2024<br>2. How to Manage Public Sector Assets More Efficiently, 13.03 - 22.03.2023, CEF Slovenia<br>3. Expecting the New Normal virtual conference, годишна конференција на IIA North Macedonia, 25-26 ноември 2021.<br>4. Managing Public Sector Assets: current status, ongoing reforms and further challenges, 09.10 - 03.11.2020, CEF Slovenia | **14** |

| | | |
|---|---|---|
| | 5. 3rd YES - EUROSAI Young Conference, Талин, Естонија, 2017 година<br>6. 2nd YES - EUROSAI Young Conference, Ерусалим, Израел, 2015 година<br>7. Семинар од областа на ревизија на општини, Варшава, Полска, 2015 година | |
| 15 | **Апстракт објавен во зборник на конференција * (1)**<br>**- меѓународна**<br>Bozhinovska-Lazarevska, Zorica; Dionisijev, Ivan; Malchev, Bojan; Tocev, Todor; Trpeska, Marina; Atanasovski, Atanasko; Minovski, Zoran (2024). *"Preparing for the Future: Interdisciplinary Approaches in Internal Auditing Education."* In Proceedinigs of Economic and Business Trends Shaping the Future, International Scientific Conference, Skopje, 14-15 November 2024, p. 59. **(0.6*1 = 0.6)** | **0.6** |
| | **Вкупно** | **186,1** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **Учество во промотивни активности на факултетот * (0.5)** | | |
| | 1. Учество во промотивни активности на Економски факултет – Скопје, реализирани преку посета и презентации во средните училишта низ РСМ (2020, 2021, 2022, 2023, 2024) **(5*0.5 = 2.5)** | 2.5 |
| **Експертски активности * (1)** | | |
| | 1. Учество во постапка за акредитација на програмата за испитот за стекнување на звање ревизор при ИОРРСМ од страна на ACCA (Association of Chartered Certified Accountants)<br>2. Индивидуален консултант експерт за CIPFA за период 23.4 – 30.6.2021 година. Позиција: експерт за управување со средства | 2 |
| **Дизајн или изработка на информациски систем * (1)** | | |
| | 1. Изработка на ИТ-процедури за имплементација на Систем за управување на процесот на ревизија (АМС), во рамки на проектот „Имплементација на Системот за управување со ревизијата (АМС) МАК-12/015, реализиран со техничка помош на Канцеларијата на главниот ревизор на Норвешка (2013 – 2017 година) | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание (1)**<br>1. Financial Studies - Romanian Academy “Costin C. Kiriţescu” National Institute for Economic Research “Victor Slăvescu” Centre for Financial and Monetary Research ISSN 2066 – 6071, ISSN-L 2066 - 6071 | 1 |
| | **Превод**<br>**- дел од книга * (1)**<br>1. Книга „Ревизија“ од Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (The Chartered Institute of Public Finance & Accountancy - CIPFA) * (1) | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Материјал за програмата за превенција од корупција од Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (The Chartered Institute of Public Finance & Accountancy - CIPFA) * (1) | |
| | **Лекторирање**<br>**- дел од книга (1)**<br>1. Книга „Управувачко сметководство“ од Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (The Chartered Institute of Public Finance & Accountancy - CIPFA) * (1)<br>2. Книга „Финансиски менаџмент“од Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (The Chartered Institute of Public Finance & Accountancy - CIPFA) * (1) | 2 |
| | **Член на организрационен или програмски одбор на научен/стручен собир (0.5)**<br>1. Организациски одбор за организација на 12. Меѓународна летна школа на Економски факултет – Скопје, под наслов: Направи разлика стекнувајќи знаење за финансиите во современото динамично окружување *** (0.5)**<br>2. Организациски одбор за организација на меѓународната летна школа под наслов „Enhancing and managing competitive economics and business environment: Challenges for the South and Easter European countries and the Black Sea region“ –септември 2020 година (0.5) | 1 |
| | **Студиски престој во странство (до три месеци) * (0.5)**<br>1. 10-дневен студиски престој на Универзитетот во Загреб, Економски факултет во Загреб (0,5)<br>2. Едномесечен престој на Националниот универзитет Чонам во Јужна Кореја (0,5) | 1 |
| | **Член на факултетски комисии * (0.5)**<br>1. Секретар на Катедрата за сметководство и ревизија, прв мандат (2020 – 2021) (0.5)<br>2. Секретар на Катедрата за сметководство и ревизија – втор мандат (2021 – 2024) (0.5)<br>3. Одбор кој ќе изработи публикација под наслов: Споменица и Монографија на магистрирани и докторирани студенти на Економскиот факултет, 2020 година (0.5)<br>4. Комисија за определување на дисциплински мерки на студентите на Економски факултет – Скопје, 2020 – 2021 година (0.5)<br>5. Комисија за промоција на Економскиот факултет – Скопје, 2022 година (0.5)<br>6. Комисија која ќе изврши процена на вредноста на движните ствари со кои располага или ќе располага во иднина Економскиот факултет, а за кои нема податок за нивната вредност, 2021 година (0.5)<br>7. Претседател на пописна комисија на Еконмски факултет - Скопје, која ќе изврши усогласување на состојбата на основните средства и нивните изводи искажани во сметководството со фактичката состојба до 31.12.2021 година, 2021 година (0.5)<br>8. Работен тим кој за потребите на Економски факултет – Скопје ќе врши објава и промоција на настани чијшто | 7.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | организатор е Економскиот факултет – Скопје, 2021 година (0.5)<br>9. Комисија која ќе утврди предлог-листа на нефункционални основни средства на Економскиот факултет во Скопје, 2022 година (0.5)<br>10. Поткомисија за наставни програми (Curriculum) за подготовка на ГАП-анализа во рамки на исполнување на стандардите за стекнување на AACSB-акредитација, 2023 година (0.5)<br>11. Спроведување на дел од активностите утврдени со Конкурсот за упис на студенти на прв циклус студии во учебните 20/21, 21/22, 22/23, 23/24 и 24/25 година (5*0.5 = 2.5) | |
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи * (1)**<br>1. Член на избирачки одбор на локални избори во Република Северна Македонија, 17 и 31 октомври 2021 година * (1)<br>2. Член на избирачки одбор на претседателски и парламентарни избори, 8 мај 2024 година * (1) | 2 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект * (0.5)**<br>1. Проект „Новата нормалност во постковид периодот во две области: ревизорската професија и економијата на искуства“ 2021 – 2022 – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје* (0,5)<br>2. Проект „2-ра Олимпијада по сметководство – повеќе од знаење“, септември 2022 * (0,5)<br>3. Проект „3-та Олимпијада по сметководство – повеќе од знаење“, септември 2023 * (0,5)<br>4. Проект „4-та Олимпијада по сметководство – повеќе од знаење“, октомври 2024 * (0,5)<br>5. Проект „Поврзување на перспективите: увид во предизвиците на стеикхолдерите во известувањето за одржливост, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје* (0,5) | 2.5 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект * (1)**<br>1. ERASMUS + проект „Forensic auditing for digitally resilient economy (FOREA)“, повик 2021.<br>2. ERASMUS + проект „Forensic Accounting and Fraud in Contemporary Digital Environment (FORCE)“, повик 2022<br>3. ERASMUS + проект „E-Platform for ESG Policy Research, Development of Rating Methodology and Reporting Model for Sustainable Businesses (ESGEP)“, повик 2022<br>4. IIA - BUILDING A CAREER IN INTERNAL AUDITING – ACQUIRING SKILLS AND KNOWLEDGE TO STEP FASTER INTO THE WORLD OF INTERNAL AUDITORS OF THE FUTURE - Internal Auditing Education Partnership (IAEP) Grant Program<br>5. IIA - Bridging the Gap: Non-traditional Majors and the Future of Internal Auditing Sustainability<br>6. ERASMUS + проект „Forensic Accounting and Fraud in Contemporary Digital Environment (FORCE)“, повик 2023 | 6 |
| | **Вкупно** | 30,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **40,982** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **186,1** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **/** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **30,5** |
| **Вкупно** | **257,582** |

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр. 02-795/4 Дата 29.04.2025 година

Врз основа на член 110, 174 и 175 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18, Сл.весник на Р.С.Македонија бр.178/21 и 58/24) и член 41 и 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр.411 од 5.11.2018 година), а на предлог на рецензентската комисија, Наставно – научниот совет на Економскиот факултет – Скопје на седницата одржана на ден 25.4.2025 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Кандидатот д-р Иван Дионисијев, се избира за наставник во наставно – научно звање доцент, во научната област: сметководство (5.02.00.06), по предметот: меѓународно сметководство.
2. Д-р Иван Дионисијев се стекнува со наставно – научно звање доцент, започнувајќи од денот на донесување на оваа одлука и за период од 5 години, односно од 25.4.2025 до 24.4.2030 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно – научни звања во научната област: сметководство (5.02.00.06), по предметот: меѓународно сметководство, објавен во Слободен Печат и Коха на ден 6.2.2025 година, се пријави само кандидатот д-р Иван Дионисијев.

Рефератот на Рецензентската комисија е објавен во Билтенот на Универзитетот бр.1326 од 15.3.2025 година.

Против изготвениот реферат на Рецензентската комисија во предвидениот рок, не е поднесен приговор.

Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 25.4.2025 година, го прифати предлогот на Рецензентската комисија во состав:

- Проф. д-р Зоран Миновски, претседател
- Проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска, член
- Проф. д-р Атанаско Атанасовски, член

и го избра д-р Иван Дионисијев за наставник во наставно – научно звање доцент, во научната област: сметководство (5.02.00.06), по предметот: меѓународно сметководство.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа одлука да се достави до: д-р Иван Дионисијев, продекан за настава, одделение за финансиско и материјално работење, одделение за студентски прашања, раководител на катедра, персонално досие, досие на седницата и архива.

**ДЕКАН**

Изработил:Д.К

**Проф. д-р Предраг Трпески**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ